ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб. 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

12-10546/2
16. 07. 2015

**Од:** Фонд за здравствено осигурување на Р.Македонија

**До:** ПЗУ ______________

**Дата:** 09.07.2015

**Предмет:** Известување

Почитувани,

По укажување од Народниот правобранител за добиените сознанија од осигурени лица, дека матичните лекари одбиле да отворат боледување со образложение дека ги надминале месечните квоти, Ве известуваме за следново:

Согласно Договорот за извршување и плаќање на здравствени услуги во примарна здравствена заштита , Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на здравствените установи им исплатува до 100% месечен надоместок, во кој влегуваат 70% основна капитација и 30% исполнување на цели во зависност од висината на остварувањето кај избраните лекари од општа медицина и гинекологија, односно 80% основна капитација и 20% исполнување на цели кај избраните стоматолози.
Покрај превентивните мерки и активности за рано откривање на болести, следење на хронично заболени лица, специфична медицинска едукација на избраните лекари, рационално и оправдано препишување на рецепти и упатување на повисоко ниво на здравствена заштита, како дел од целите е и рационално и оправдано препишување на боледување. Целта е рационално и оправдано препишување на боледувања според медицински индикации и медицина базирана на докази, согласно Правилникот и Критериумите за дијагностичките постапки и оцена на привремената спреченост за работа поради болести и повреди или потребата за нега на болен член од потесното семејство. Процентот за исполнување на целта рационално и оправдано препишување на боледување изнесува 2% од капитацијата на избраните лекари.
Согласно Правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарна здравствена заштита, избраниот лекар од општа медицина кај осигурените лица кои го избрале утврдува привремена спреченост за работа поради болест и повреда (боледување) до 15 дена, согласно Правилникот и Критериумите за дијагностичките постапки и оцена на привремената спреченост за работа поради болести и повреди или потребата за нега на болен член од потесното семејство, најмногу просечно тромесечно по осигурено лице за следните категории на осигурени лица

| Категории на осигурени лица | Број на проценти за боледувања до 15 дена |
|---|---|
| 0 до 6 | 3% |
| Над 6 до 18 | 2% |
| Над 18 до 34 | 1% |
| Над 34 до 65 | 5% |
| Над 65 | 0% |

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Избраниот лекар од дејноста гинекологија кај осигурените лица кои го избрале утврдува привремена спреченост за работа поради болест и повреда (боледување) до 15 дена, согласно Правилникот и Критериумите за дијагностичките постапки и оцена на привремената спреченост за работа поради болести и повреди или потребата за нега на болен член од потесното семејство, најмногу просечно тромесечно по осигурено лице за следните категории на осигурени лица

| Категории на осигурени лица | Број на проценти за боледувања до 15 дена |
|---|---|
| Гинекологија | 2% |

Избраниот стоматолог кај осигурените лица кои го избрале утврдува привремена спреченост за работа поради болест и повреда (боледување) до 15 дена, согласно Правилникот и Критериумите за дијагностичките постапки и оцена на привремената спреченост за работа поради болести и повреди или потребата за нега на болен член од потесното семејство, најмногу просечно тромесечно 0,2 боледувања по осигурено лице.

Евентуалните пречекорувања на утврдениот процент на боледувања, избраниот лекар треба да ги оправда со објективните здравствени потреби на осигурениците, за што доставува извештај до подрачната служба на Фондот.

Со почит,

**Директор**
**д-р Сашо Стефаноски**

**Директор**
**Орхан Рамадани**
**Orhan Ramadani**

Изготвил: д-р Весна Дамеска
д-р Јасминка Трајкоска Спасовска
Одобрил: д-р Лила Коџоман
д-р Амела Цана